Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 3**

**14.02.2012**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за прекин на наставата во основните училишта во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за прекин на наставата во основните училишта во Општина Демир Хисар донесена на вонредната седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 14.02.2012 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 119/1** **Општина Демир Хисар**
**14.02.2012 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***373.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 година), а во врска со член 38 став 6 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ,, бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010 и 18/2011) и член 25 став 1 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ,, бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010 и 18/2011), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 14.02.2012 година, донесе

О Д Л У К А
За прекин на наставата во основните училишта во општина Демир Хисар

Член 1
Се донесува Одлука за прекин на наставата во основните училишта во општина Демир Хисар

Член 2
Заради ектремно ниските температури и високата снежна покривка на подрачјето на општина Демир Хисар, наставата за учениците од основните училишта во општина Демир Хисар нема да се одржува од 14.02.2012 година до 17.02.2012 година.

Член 3
Се задолжуваат училиштата неработните денови (14-17.02.2012 година) да ги одработат во текот на месец април и мај 2012 година.
За донесената Одлука се известува Министерството за образование и наука.

Член 4
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.07- 118/2 Совет на општина Демир Хисар
14.02.2012 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Ангелески с.р.

------------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за прекин на наставата во основните училишта во општина Демир Хисар----------------------------------------- 1

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**